ЌОР - ЗБОР
**ДОСТА ДИМОВСКА**



ГРУЕВСКИ БАРА ДА СЕ ВРАТАМ ДОМА, ПА ЗАРЕМ НЕ ГЛЕДА ДЕКА ИМАМ ДОМ!

ЌОР - ЗБОР
**ВАЊА ЛАЗАРОВА**



ЗА МОЈАТА ПЕСНА ВЕЛАТ ДЕКА ДОПИРА И ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ СТИГНУВА НИ СОНЧЕВИОТ ЗРАК.

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- Сè уште постојат луѓе кои би сакале да го видат процесот на демократизација во судската сала.
- Полесно е да се создаде бог, отколку да се ослободите од неговите свештеници.
- На глупавите би требало да им се измисли потежок начин на размножување.
- Власта на едниот му удира во глава, а другиот по глава.
- Кога се одлучи за капитулација веќе немаше кому да му се предаде.



ЕВЕ, КАКО ГЛЕДАМ НА ВЛАДИНАТА ПОЛИТИКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ!

## ВИЦОТЕКА

Баба и дедо уживаат во сенката која ја прави чардакот на една куќа во Галичник, го гледаат внучето како си игра во дворот и коментираат:

- Море, што е умно нашево внуче, дедо директор ќе го прави.

- А не, ова е родено за политичар, се побунила бабата.

- Каков политичар! Ние, генетски сме предодредени за директори, подвикнал дедото.

-А, бре дедо, политичар ќе биде кога ти велам. Го гледаш ли како те гледа право в очи, се смешка, а сè живо испокака по дворот.

## МАКЕДОН




БРАНКА и МИРО